# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **05.02.2016 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 1 – 2016 год.** |

Февруари 2016

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административни службеници (Сл.весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на вредноста на бодот на платите на јавните службеници во ЈКП Комунална хигиена - Македонски Брод за 2016 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на јавните службеници за 2016 година изнесува 16,00 денари.

**Член 2**

Истата вредност на бодот ќе се применува и за вработените како даватели на комунални услуги.

**Член 3**

Исплатата на плати ќе се врши согласно Одлуката на УО за утврдување на бодови на вработените во ЈКП ..Комунална хигиена“ Македонски Брод број 02-7/5 од 26.01.2016 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод“, а ќе се применува со исплата на платата за Јануари 2016 година.

**Број 18 – 74 /2/1**
**29.01.2016 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на јавните службеници во ЈКП Комунална хигиена –Македонски Брод за 2016 година**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на јавните службеници во ЈКП Комунална хигиена –Македонски Брод за 2016 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

**Бр.08- 74/3/1**
**05.02.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административни службеници (Сл.весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на вредноста на бодот на платите на јавните службеници во ЈП Водовод и канализација - Македонски Брод за 2016 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на јавните службеници за 2016 година изнесува 16,00 денари.

**Член 2**

Истата вредност на бодот ќе се применува и за вработените како даватели на комунални услуги.

**Член 3**

Исплатата на плати ќе се врши согласно Одлуката на УО за утврдување на бодови на вработените во ЈП ..Водовод и канализација" Македонски Брод број 02-80/2 од 28.01.2016 година

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод", а ќе се применува со исплата на платата за Јануари 2016 година.

**Број 18 – 74 /2/2**
**29.01.2016 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на јавните службеници во ЈП Водовод и канализација –Македонски Брод за 2016 година**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на јавните службеници во ЈП Водовод и канализација –Македонски Брод за 2016 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

**Бр.08- 74/3/2**
**05.02.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општината Македонски Брод бр.03/2002 год.) Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

# О Д Л У К А

**за изработка на проект за рестартирање на мобилна пречистителна станица во село Самоков**

1.Се донесува одлука за изработка на проект за рестартирање на мобилна пречистителна станица во село Самоков.

2.Се задолжуваат службите на општина Македонски Брод да ја спроведат постапката за распишување на тендер за санација по предмер пресметка согласно законските прописи..

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

**Бр.18- 74/2/3**
**29.01.2016 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за изработка на проект за рестартирање на мобилна пречистителна станица во село Самоков**

Се прогласува **Одлуката за изработка на проект за рестартирање на мобилна пречистителна станица во село Самоков,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

**Бр.08- 74/3/3**
**05.02.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Вojнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК по однос на Договорот за доделување на употреба на гробно место по одлука бр.07-409/3 од 31.05.2012 година и Договорот за доделување на употреба на гробно место по одлука бр.07-984/8 од 19.12.2014 година да се донесе Анекс на сите досегашни склучени договори додека новите договори што ќе се склучуваат да бидат во согласност со одлуката од Советот на Општина Македонски Брод бр.18-694/4 и 18-694/5 од 27.08.2015 година односно да стои фиксно и вредноста од 5.500,00 денари. Со заклучокот задолжително да се извести ЈП Водовод и канализација за понатамошно постапување.

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 74 /2/4**
**29.01.2016 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29 јануари 2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18- 74/2/5** **Совет на општина Македонски Брод**

**29.01.2016 година** **П р е т с е д а т е л,**

**Македонски Брод** **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници (Сл.весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на вредноста на бодот на платите**
**на државните службеници во општина Македонски Брод за 2016 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2016 година изнесува 76,8 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод“, а ќе се применува со исплата на платата за Јануари 2016 година.

**Број 18 – 74 /2/6** — **Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател**
**29.01. 2016 година** — **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на државни службеници во ОпштинаМакедонски Брод за 2016 година**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници во Општина Македонски Брод за 2016 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

**Бр.08- 74/3/6**
**05.02.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Којнески с.р.**

Врз основа на член 25 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014), членовите 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96 и 97 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр .27/2014, 199/2014, 48/2015 и 154/2015) и членовите 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, од Законот за работни односи („Службен весник на РМ“ број 74/2015) (Пречистен текст) в.в со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година, го донесе следниот:

**ПРАВИЛНИК**
**за плати на вработените во Општина Македонски Брод**

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува системот на плати и надоместоци на плати на вработените во Општина Македонски Брод кои имаат статус на административни службеници (подгрупа државни службеници) и на другите вработени (работници) кои вршат помошно-технички работи и немаат статус на административни службеници (подгрупа помошно технички персонал).

Член 2

Системот на плати и надоместоци на плати се заснова врз начелата на законитост, еднаквост, транспарентност, предвидливост и правичност.

Член 3

Вработените во општината кои имаат статус на административни службеници (подгрупа државни службеници) имаат право на плата и надоместоци на плата, под услови и критериуми утврдени со Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, а вработените кои вршат помошни – технички работи и немаат статус на државни службеници (помошно технички персонал) имаат право на плата по услови и критериуми утврдени со Законот за работните односи, Законот за пожарникарство, Законот за вработените во јавниот сектор и со и овој Правилник.

Член 4

Работодавачот е должен за еднаква работа со еднакви барања на работното место да исплаќа еднаква плата на работниците без оглед на полот.

2. ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 5

Плата и надоместоци

Административниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со Законот за административните службеници, освен ако со посебен закон и со колективен договор поинаку не е уредено.

Платите и надоместоците на плати на административните службеници вработени во општина Македонски Брод се обезбедуваат од буџетот на единицата на локалната самоуправа, како и од други извори на средства утврдени со закон.

Платите на административните службеници се пресметуваат во бруто износ, а се исплатуваат во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец.

Придонесите и персоналниот данок од доход на административниот службеник ги плаќа институцијата со исплата на платата во согласност со закон.

Институцијата е должна да води евиденција на платите, додатоците на платите, надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персоналниот данок од доход и за нив на административниот службеник му издава потврда дека се исплатени, најдоцна до 1 февруари во тековната година, а за претходната година.

Член 6

Компоненти на плата
Платата на административниот службеник се состои од следниве компоненти:
- основна компонента и
- исклучителна компонента.

Основната компонента на плата ја сочинуваат:
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

Делот на плата за степенот на образование кој е законски минимум за соодветното ниво на работно место се вреднува на следниот начин:
НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ БОДОВИ
Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – 200 бодови
Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС - 175 бодови
Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТСили вишо образование - 150 бодови
Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование - 100 бодови

Делот на плата за нивото на кое е распореден административниот службеник се вреднува на следниов начин:
А1 - секретар од прво ниво - 845 бодови
А2 - секретар од второ ниво - 706 бодови
А3 - секретар од трето ниво - 661 бодови
А4 - секретар од четврто ниво - 596 бодови
А5 - секретар од петто ниво - 506 бодови
Б1 - раководен административен службеник од прво ниво - 516 бодови
Б2 - раководен административен службеник од второ ниво - 496 бодови
Б3 - раководен административен службеник од трето ниво - 406 бодови
Б4 - раководен административен службеник од четврто ниво - 346 бодови
В1 - стручен административен службеник од прво ниво - 281 бодови
В2 - стручен административен службеник од второ ниво - 246 бодови
В3 - стручен административен службеник од трето ниво - 231 бодови
В4 - стручен административен службеник од четврто ниво - 201 бодови
Г1 - помошно-стручен административен службеник од прво ниво - 196 бодови
Г2 - помошно-стручен административен службеник од второ ниво - 181 бодови
Г3 - помошно-стручен административен службеник од трето ниво – 166 бодови
Г4 - помошно-стручен административен службеник од четврто ниво - 146 бодови.

Делот на плата за работниот стаж на административниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од деловите на платата за степен на образование и за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 7

Бодовите на плата во делот на образованието за државниот службеник со ниво на квалификациите VI Б , односно стекнати 180 кредити според ЕКТС, кој засновал работен однос во општината заклучно со денот на започнувањето со примената на овој Правилник , ќе продолжат да се вреднуваат согласно Законот за Државните службеници, односно со 200 бода.

Член 8

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници се утврдува секоја година со одлука на Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии, која се донесува во рок од десет дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Македонија, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.

Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници во општините, градот Скопје и општините во градот Скопје се утврдува секоја година со одлука на советот која, на предлог на градоначалникот, се донесува во рок од десет дена од денот на донесувањето на одлуката за извршување на буџетот, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.

Вредноста на бодот од став (2) на овој член не може да биде повисока од вредноста на бодот од ставот (1) на овој член.

Член 9

Исклучителна компонента на плата

Исклучителната компонента ја сочинуваат:

- додаток на плата за посебни услови за работа,
- додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот и/или
- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.

Член 10

Додаток на плата за посебни услови за работа

Административниот службеник има право на додаток на платата за посебни услови за работа, и тоа за работа изложена на висок ризик .

Работните места под посебни услови од ставот (1) на овој член треба да бидат предвидени во актот за систематизација на работните места во институциите.

Административниот службеник кој при вршењето на работите е изложен на висок ризик по неговиот живот и здравје има право на додаток на плата, во зависност од видот на ризикот, во висина од 10% до 30% од износот на основната плата, согласно со закон.

Член 11

Додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на труд

Административниот службеник има право на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот за што Министерството, во соработка со Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика, може да побара од Владата да одобри додаток на плата.

Барањето за одобрување на додатокот треба да биде засновано на анализа која ќе покаже дека:

- платите на пазарот на трудот за таквите работни места се значителноповисоки од платите на административните службеници кои извршуваат исти работи,
- вработувањето е отежнато или стапката на напуштање на работните места е неприфатливо висока,
- пазарот на трудот нуди ограничен број на квалификувани поединци за таквата работа или
- административните службеници биле подложени на повеќегодишно стручно усовршување и нивното напуштање на работното место би предизвикало големи фискални импликации по институцијата.

Доколку Владата, врз основа на анализата, оценидека додатокот на плата ќе го постигне саканиот ефект на вработливост и задржливост, ќе донесе одлука со која ќе го утврди износот на додатокот и датумот од кој истиот ќе влезе во сила.

Член 12

Додаток на плата за ноќна работа, работа во смени работа за време на неделен одмор работа за време на празници и прекувремена работа

Административниот службеник има право на додаток на плата за:
- ноќна работа,
- работа во смени,
- работа за време на неделен одмор,
- работа за време на празници утврдени со закон и
- работа подолго од полното работно време.

Додатоците на плата од ставот (1) алинеи 1 и 2 на овој член треба да бидат предвидени во актот за систематизација на работните места во институциите.

Додатокот на плата за ноќна работа по час се вреднува во износ од 35% од износот на основната плата по час.

Додатокот на плата за работа во смени по час се вреднува во износ од 5% од износот на основната плата пресметана по час.

Административниот службеник кој бил ангажиран да работи согласно со условите од ставот (1) алинеи 3, 4 и 5 на овој член има право на онолку слободни часови, односно денови, колку што бил ангажиран за работата надвор од редовното работно време.

Слободните часови, односни денови од тековниот месец административниот службеник ги користи до крајот на наредениот месец, по месецот во кој бил ангажиран.

Доколку на административниот службеник не му се обезбеди користење на слободни часови, односно денови на овој член му се исплатува додаток на плата во износ од 35% од износот на основната плата,пресметана по час.

Додатоците на плата од ставот (1) на овој член меѓусебно не се исклучуваат.

Евидентирањето на работните часови поминати на работа под условите утврдени во ставот (1) на овој член се врши согласно со закон.

Член 13

Други надоместоци на плата

Административниот службеник има право на надоместоци на плата и други надоместоци согласно со овој закон и општите прописи за работни односи, и тоа за:
- патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и во странство,
- трошоци за користење на возила во лична сопственост за службени цели,
- трошоци за одвоен живот од семејството,
- селидбени трошоци,
- трошоци за работа на терен,
- трошоци за погреб во случај на смрт на административен службеник или членна неговото потесно семејство (брачниот другар и децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување),
- штета при елементарни непогоди и
- трошок при подолго боледување на административниот службеник.

Висината на надоместоците од ставот (1) на овој член за секоја година се утврдуваат со одлуката за извршување на буџетот на општина Македонски Брод.

Владата на Република Македонија поблиску го уредува начинот за распределување на надоместоците.

Член 14

Надоместок за време на привремена неспособност за работа

Ако кај административниот службеник настапи привремена неспособност за работа има право на надоместок на плата во висина утврдена согласно со закон.

Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член за секоја година се утврдува со одлуката за извршување на буџетот на општина Македонски Брод.

Член 15

Плата за време на годишен одмор или специјализирана обука

За време на користење на годишен одмор или специјализирана обука за стручно усовршување, административниот службеник има право на плата во висина на платата што би ја примил во тековниот месец кога би бил на работа,

без додатокот на плата по основ на членот 9 став 3.

Член 16

Плата за време на суспензија

Административниот службеник кој врз основа на решение е суспендиран од институцијата, за времетраење на суспензијата има право на плата во износ од

60% од платата што ја примил за последниот месец пред донесување на решението за суспензија.

Член 17

Плата за време на штрајк

За време на штрајк административниот службеник има право на плата во висина од 60% од платата што ја примил претходниот месец.

3. ОДРЕДБИ ЗА ПРЕСМЕТКА И ИСПЛАТА НА ПЛАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ – ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ (вработени по Законот за работни односи и Законот за пожарникарство)

Член 18

Вработените без статус на државни службеници (помошно технички персонал или работникот во понатамошниот текст) за својата работа имаат право на плата согласно со посебните закони, општите прописи за работните односи, колективните договори и овој правилник.

Член 19

Платите на вработените кои немаат статус на државни службеници (помошно технички персонал), се утврдуваат со пресметка на вредноста на бодот кој соодветствува на вредноста на бодот утврдена за административните службеници (подгрупа државни службеници), согласно Одлуката за извршување на Буџетот на Општина, донесена од Советот на Општината, по бројот на бодови определен поаѓајќи од оцената за вредноста, сложеноста, одговорноста и обемот на одделните видови работи и задачи, како и квалитетот на нивното извршување.

Член 20

Платите на вработените кои немаат статус на државен службеник (помошно технички персонал) се утврдуваат така што утврдените бодови за определено работно место се множат со вредноста на бодот.

Член 21

Бројот на бодовите на вработените без статус на државни службеници (помошно технички персонал) на поодделни работни места, согласно степенот на сложеност на задачите што вработениот ги извршува, изнесува и тоа:

- КВ работнк за одржување на објекти 219 бодови;

- Хигиеничар/ка 207 бодови;
- Работник за одржување на објекти - градинар 207 бодови;
- Работник за извршување помошни работи 207 бодови;
- КВ работник за одржување на опремата (оператор на систем) 219 бодови;
- Работник во кујна 219 бодови;
- Домаќин 219 бодови;
- Возач на автобус 219 бодови;
- Фотограф 219 бодови;
- Командир на ТППЕ 415 бодови;
- Командир на одделение во ТППЕ 319 бодови;
- Пожарникар-спасител возач на специјално возило 294 бодови;
- Пожарникар спасител 263 бодови;

Член 22

Основната плата за вработените согласно Законот за работни односи (без статус на државни службеници) се определува земајќи ги предвид барањата на работното место, за кое работникот го склучил договорот за вработување.

Работната успешност на работникот се определува земајќи ги предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршењето на работата, за којашто работникот го склучил договорот за вработување.

Додатоците за посебните услови при работа, кои произлегуваат од распоредот на работното време и тоа:

1. Додаток на плата за работа во смени по час се вреднува во износ од 5% од износот на основната плата по час ,
2. Додаток на плата за работа во ден на неделен одмор по час се вреднува во износ од 35% од износот на основната плата по час,
3. Додаток на плата за ноќна работа по час се вреднува во износ од 35% од износот од основна плата по час,
4. Додаток на плата за работа во празници определени со закон по час се вреднува во износ од 50% од износот на основна плата по час,
5. Додаток на плата за работа подолго од полно работно време по час се вреднува во износ од 35% од износот од основната плата по час,

Член 23

Платата на работникот за работа со полно работно време не може да биде пониска од најниската плата утврдена според закон и колективен договор.

Член 24

Работникот има право на надоместок на платата за целото време на отсуство во случаите и во траење определени со закон.

Работодавачот е должен да му исплати надоместок на платата во случаите на отсутност од работа поради користење на годишниот одмор, платениот вонреден одмор, дообразување, со закон определени празници и од работа слободните денови.

Член 25

Вработените без статус на државни службеници (помошно технички персонал) имаат право на надомест на трошоци поврзани со работата за:

1) службено патување;
2) теренски додаток;
3) користење на приватен автомобил за службени патувања;
4) одвоен живот од семејството и
5) смрт на работникот или член на неговото семејство.

Вработените имаат право на отпремнина при одење во пензија.

Висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци се утврдува со закон и колективен договор.

Член 26

Работното искуство на вработениот без статус на државен службеник се вреднува во износ од 0,5% од основната плата за секоја наврешена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 27

На вработените на работните места предвидени според Законот за пожарникарство ќе им се плаќаат придонеси за пензиски стаж за поминати 12 месеци стаж на осигурување како 15 месеци.

4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 28

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Број 18-74/2/7
29.01.2016 година
Македонски Брод

Претседател на Совет
на Општина Македонски Брод
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Правилник за плата на вработените во Општина Македонски Брод**

Се прогласува **Правилник за плата на вработените во Општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

**Бр.08- 74/3/7**
**05.02.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општината Македонски Брод бр.03/2002 год.) Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

# О Д Л У К А

**за изградба на крак на Фекална канализација во с.Самоков од спортска соблекувална на стадион до постојна шахта**

1.Со оваа Одлука се одобрува изградба на крак од фекална канализација од спорска соблекувална на стадион до постојана шахта од колекторски систем на фекална канализација во с.Самоков во должина од 80 м.

2.Се задолжува Секторот за урбанизам, градежништво, ЛЕР и заштита на животната средина при општината Македонски Брод да изврши увид и изготви предмер-пресметка за вредноста на предвидената градба.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

**Бр.18- 74/2/8**
**29.01.2016 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за изградба на крак на Фекална канализација во с.Самоков од спортска соблекувална на стадион до постојна шахта**

Се прогласува **Одлуката за изградба на крак на Фекална канализација во с.Самоков од спортска соблекувална на стадион до постојна шахта,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

**Бр.08- 74/3/8**
**05.02.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг (Сл.весник на Р.М. бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02), Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 29.01.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**За долгорочно домашно задолжување на Општина Македонски Брод во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Македонски Брод, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во висина на **62.407.678 денари**, а со цел финансирање на капитални инвестициони проекти **„Изградба на локален пат од Р104 до с.Звечан“, и**
**„Изградба на локален пат од с.Заград до с.Волче“ Општина Македонски Брод.**

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

- **каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон**
- **рок на отплата: 13 години**
- **грејс период: 3 години**
- **Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.02.2030 година**

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 – 74/2/9**
**29.01.2016 година**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Македонски Брод во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП)**

Се прогласува **Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Македонски Брод во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП),** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

**Бр.08- 74/3/9**
**05.02.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општината Македонски Брод бр.03/2002 год.) Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

# О Д Л У К А

**за реконструкција на водовод во село Самоков**

1.Со оваа Одлука се одобрува да се изработи проект за реконструкција на водовод на постојната мрежа во с.Самоков.

2.Се задолжуваат службите при општината Македонски Брод за објава на тендер и спроведување на постапка согласно закон.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

**Бр.18- 74/2/10**
**29.01. 2016 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за реконструкција на водовод во село Самоков**

Се прогласува **Одлуката за реконструкција на водовод во село Самоков,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

**Бр.08- 74/3/10**
**05.02.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен Весник на РМ бр.79/09), член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 21 став 1 т.44 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.Гласник 2/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## За формирање на заедничка Комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Македонски Брод

1.Се формира заедничка комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Македонски Брод во следен состав:

- Зоре Трпески/
- Томислав Стојкоски

2.Членовите на комисијата од точка 1 на ова Решение , заедничко со членовите на Советот на општина Крушево ќе го подготви предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Македонски Брод врз основа на предходно направена анализа.

3. Мандатот на членовите на Комисијата е до завршување на работите за кои е формирана.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

5.Примерок од Решението да се достави до именуваните, Советот на Општина Крушево и архива на Општина Македонски Брод.

**Бр.18- 74/2/11**
**29.01.2016 година**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Решението за формирање на заедничката Комисија за подготовка по предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Македонски Брод**

Се прогласува **Решението за формирање на заедничката Комисија за подготовка по предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

**Бр.08- 74/3/11**
**05.02.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Крушево**

Се прогласува **Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Крушево,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

**Бр.08- 74/3/12**
**05.02.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 4 став 3 и член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен Весник на РМ бр.79/09), член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.Гласник 2/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година го донесе следното:

# О Д Л У К А
## за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Крушево

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Крушево

**Член 2**

Меѓуопштинска соработка опфаќа извршување на работи од надлежност на на општините во областа на овластен инспектор за утврдување и наплата на даноци, од страна на Општина Македонски Брод, а за сметка на Општина Крушево .

**Член 3**

Меѓуопштинска соработка ќе се оставрува преку склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на Општина Македонски Брод а за сметка на Општина Крушево врз основа на член 9 став 2 алинеја 2 од законот за меѓуопштинска соработка

**Член 4**

Сите трошоци поврзани со меѓуопштинска соработка , односно трошоците за вршење на надлежности од член 2 на оваа Одлука, ќе паднат на товар на Општина Крушево.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 74/2/12**
**29.01.2016 година**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општината Македонски Брод бр.03/2002 год.) Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

# О Д Л У К А

**за издавање на салата во ОУ Дом на култура –Македонски Брод за време на предизборниот период**

1.Со оваа Одлука се задолжува ОУ Дом на култура –Македонски Брод во време на предизборниот период да ја издава салата на користење за одржување на митинзи и трибини на учесниците во изборите.

2. Користењето на салата во Домот на културата во предизборниот период за сите баратели кои се ученици во изборите да биде без надоместок.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

**Бр.18- 74/2/13**
**29.01.2016 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за издавање на салата во ОУ Дом на култура - Македонски Брод за време на предизборниот период**

Се прогласува **Одлуката за издавање на салата во ОУ Дом на култура - Македонски Брод за време на предизборниот период,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

**Бр.08- 74/3/13**
**05.02.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

**Службен гласник број 1 од 05.02.2016 година Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на јавните службеници во ЈКП Комунална хигиена - Македонски Брод за 2016 година ......................................... стр.2

Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на јавните службеници во ЈКП Комунална хигиена - Македонски Брод за 2016 година …………………………………………………..…………………………... стр.3

Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на јавните службеници во ЈП Водовод и канализација – Македонски Брод за 2016 година .................................... стр.4

Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на јавните службеници во ЈП Водовод и канализација – Македонски Брод за 2016 година ............................................................................................................................ стр.5

Одлука за изработка на проект за рестартирање на мобилна пречистителна станица во село Самоков ............................................................................................................ стр.6

Заклучок за прогласување на Одлука за изработка на проект за рестартирање на мобилна пречистителна станица во село Самоков ......................................................... стр.7

Заклучок по однос на Договор за доделување на употреба на гробно место .. стр.8

Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод ........................................................................................................ стр.9

Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници во општина Македонски Брод за 2016 година ................................................................ стр.10

Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници во општина Македонски Брод за 2016 година ..... стр.11

Правилник за плати на вработените во Општина Македонски Брод ................ стр.12

Заклучок за прогласување на Правилник за плати на вработените во Општина Македонски Брод .......................................................................................................... стр.19

Одлука за изградба на крак на Фекална канализација во с.Самоков од спортската соблекувална на стадион до постојна шахта ................................................................ стр.20

Заклучок за прогласување на Одлука за изградба на крак на Фекална канализација во с.Самоков од спортската соблекувална на стадион до постојна шахта .................... стр.21

Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Македонски Брод во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП) .......................... стр.22

Заклучок за прогласување на Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Македонски Брод во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП) ........................................................................................................................ стр.23

Одлука за реконструкција на водовод во село Самоков .................................... стр.24

Заклучок за прогласување на Одлука за реконструкција на водовод во село Самоков .................................................................................................................... стр.25

Решение за формирање на заедничка Комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Македонски Брод ................................................................................................ стр.26

Заклучок за прогласување Решение за формирање на заедничка Комисија за подготовка по предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Македонски Брод .................................................................. стр.27

Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Крушево ....................................................................................... стр.28

Заклучок за прогласување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Македонски Брод и Општина Крушево ............................... стр.29

Одлука за издавање на салата на ОУ Дом на култура – Македонски Брод за време на предизборниот период ..................................................................................... стр.30

Заклучок за прогласување на Одлука за издавање на салата на ОУ Дом на култура – Македонски Брод за време на предизборниот период .................................................. стр.31